РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-450/5**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**ЦЕНТАР ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ-СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Центарот за странски јазици-Скопје, за 2005 година, кои се прикажани на страните 3 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издадле било каков извештај, за финансиските извештаи на Центарот за странски јазици-Скопје за годините кои и претходат.на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Виолета Руси - Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 29.05.2006 до 23.06.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Лилјана Попчева, Виш ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Лиман Мухаџири, Помлад ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно според сите значајни аспекти финансиската состојба на Центарот за странски јазици-Скопје под 31 Декември 2005 година, резулататот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Центарот за странски јазици е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

**Скопје, 23.06.2006 година** __________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Приходи од продажба на производи , стоки и услуги | 27.033 | 27.203 |
| Приходи од кирии и закупнини | 18 | 1.690 |
| Вонредни приходи | 598 | 749 |
| **Вкупно приходи** | **27.649** | **29.642** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.932 | 4.731 |
| Други расходи | 9.450 | 10.539 |
| Помошти донации и други давачки | 20 | 40 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 94 | 71 |
| Плати и надомести на плати | 14.056 | 14.108 |
| **Вкупно расходи** | **27.552** | **29.489** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **97** | **153** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 59 | 91 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **38** | **62** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.789 | 1.682 |
| Хартии од вредност | 180 | 275 |
| Купувачи | 277 | 341 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 5.013 | 5.217 |
| Други краткорочни побарувања | 2.860 | 2.860 |
| Побарувања од државата и други институции | 29 | 0 |
| Стоки | 100 | 800 |
| **Вкупно тековни средства** | **10.248** | **11.175** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра | 33.621 | 33.705 |
| Исправка на вредноста на нематеријалните и материјалните добра | (14.771) | (14.530) |
| Долгорочни финансиски вложувања | 393 | 393 |
| **Вкупно постојани средства** | **19.243** | **19.568** |
| **Вкупна актива** | **29.491** | **30.743** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Добавувачи | 59 | 97 |
| Обврски спрема државата и други институции и други даноци и придонеси | 44 | 57 |
| Обврски за помалку платени даноци и придонеси | 8 | 47 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.960 | 3.122 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.071** | **3.323** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на деловни средства | 26.685 | 26.685 |
| Долгорочни обврски | 393 | 393 |
| Извори на средства на резервен фонд | 342 | 342 |
| **Вкупно извори на средства** | **27.420** | **27.420** |
| **Вкупна пасива** | **29.491** | **30.743** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Деловен фонд |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **26.685** |
| Зголемување | - |
| Намалување | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **26.685** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2005/2004** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **98** |
| Амортизација | 386 |
| Приходи од отпис на обврски и вишоци | (128) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 204 |
| Расходи од отпис на стоки | 737 |
| Приходи од вложувања во хартии од вредност | (257) |
| Данок од добивка | (59) |
| **Готовински текови од работење** | **981** |
| Побарувања по основ на продажба | 64 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 13 |
| Други краткорочни побарувања | (29) |
| Залихи | 700 |
| Обврски спрема добавувачи | (38) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (13) |
| Останати краткорочни обврски (нераспределена добивка) | (1.510) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **168** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (61) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(61)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **107** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **1.682** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **1.789** |